## 3.13 Основи на стратегиски менаџмент

| Прилог бр.3.13 | | Предметна програма од прв циклус на студии | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Основи на стратегиски менаџмент | | | |
| 2. | Код | БАС-11ОСМ | | | |
| 3. | Студиска програма | Менаџмент на квалитет | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв циклус на студии | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 2 | семестар | 4 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 7 ЕКТС | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | проф. д-р Лидија Стефановска (одговорен наставник)<br>виш пред. м-р Горазд Смилевски | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | нема | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Цели на предметната програма:<br>• развивање на способноста кај студентите да се мисли стратегиски во насока на одржлива конкурентска предност и одржување на вкупниот квалитет во организацијата;<br>• разбирање на процесот на стратегиски менаџмент, со сите негови последователни фази;<br>• разбирање на фазата имплементација, како фаза од стратегискиот менаџмент;<br>• способност за препознавање и решавање на главните прашања, проблеми, предизвици, фрустрации и реалности вклучени во процесот на имплементација на организациските стратегии;<br>• разбирање на четирите фактори за стратегиска имплементација (организациска култура, организациска структура, контрола и водство);<br>• способност за проценка на факторите во процесот на стратегиска имплементација и важноста од преземањето активности за нивна синхронизација со стратегискиот план и целите во него;<br>• способност за менаџирање на човечките ресурси во насока на имплементација на организациската стратегија, со посебен акцент на нивната посветеност и организациско однесување;<br>• можност на студентите да ги интегрираат нивните аналитички таленти и стекнатото знаење во идентификацијата, анализата и развој на активности за стратегиска имплементација;<br><br>Резултати:<br>• применува стратегиско размислување во процесот на одржување конкурентска предност и квалитет; | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | • решава ситуации и проблеми во процесот на стратегиска имплементација;<br>• ги класифицира проблемите според факторите за стратегиска имплементација (структура, култура, лидерство и контрола);<br>• разликува различни видови организациски структури;<br>• решава ситуации поврзани со организациски структури согласно со стратегијата во организацијата;<br>• разликува различни облици на контрола на стратегиската имплементација;<br>• разликува различни видови организациска култура;<br>• демонстрира знаење за постапки за менување на организациска култура во насока на подобра стратегиска имплементација;<br>• разликува стилови на водство;<br>• проценува различни ситуации и применува различни стилови на водство според ситуацијата;<br>• идентификува мерки за зголемување на организациската посветеност кај вработените; |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | Поглавје 1: ПОИМ И СУШТИНА НА СТРАТЕГИСКИОТ МЕНАЏМЕНТ<br>1.1 Поим за стратегија и стратегиски менаџмент;<br>1.2 Стратегија во бизнисот, поврзаноста на стратегиското планирање со конкурентска предност и управувањето со квалитет;<br>1.3 Фази на стратегискиот менаџмент (планирање, имплементација и контрола).<br>*Резултати:*<br>*Студентите ќе ги разберат основните концепти на стратегијата и стратегискиот менаџмент, како и нивната примена во бизнис контекст; Студентите ќе ги знаат сите фази на стратегискиот менаџмент, почнувајќи од стратегиско планирање, преку имплементација, до контрола на стратегиите;*<br>*Ќе ја знаат содржината на стратегиските планови, а ќе ја разбираат и важноста на резултатите од нивната имплементација;*<br>*Ќе стекнат способности за интегрирање на стратегиите во активностите на организациите во насока на постигнување квалитет и конкурентска предност.*<br><br>Поглавје 2: СТРАТЕГИСКА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА<br>2.1 Четири фактори за успешна стратегиска имплементација;<br>2.2 Однос меѓу оперативниот и стратегискиот менаџмент;<br>2.3 Капацитет на организацијата за стратегиска имплементација.<br>*Резултати:*<br>*Студентите ќе ги научат четирите клучни фактори за успешна стратегиска имплементација, како што се организациската структура, култура, контрола и лидерство;*<br>*Студентите ќе ги разјаснат односите помеѓу оперативниот и стратегискиот менаџмент, при што ќе научат како стратегијата се интегрира во секојдневните оперативни активности;* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *Ќе ја разберат важноста на капацитетот на организацијата во насока на ефективно спроведување на стратегиите;*<br>*Студентите ќе можат да идентификуваат и применат најдобри практики за успешна имплементација на стратегиите во организациите.*<br><br>Поглавје 3: ОРГАНИЗАЦИСКАТА КУЛТУРА И СТРУКТУРА КАКО ФАКТОРИ ЗА СТРАТЕГИСКА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА<br>3.1 Влијанија на организациската култура во процесот на стратегиска<br>имплементација;<br>3.2 Процес на управување со факторите што ја создаваат организациската култура;<br>3.3 Корист од менување на организациската култура;<br>3.4 Поврзаност меѓу организациската структура и стратегија.<br>*Резултати:*<br>*Студентите ќе научат како организациската култура влијае врз успехот на стратегиската имплементација и кои се клучните аспекти што ја формираат културата на организацијата;*<br>*Студентите ќе научат како да менаџираат со факторите што ја создаваат културата;*<br>*Ќе го разберат процесот на менување на организациската култура во насока на зголемување на способноста на организацијата за имплементација на стратегиски цели;*<br>*Студентите ќе ја разберат важноста и корисноста од промената на организациската култура заради постигнување квалитет и конкурентска предност.*<br><br>Поглавје 4: СТРАТЕГИСКА КОНТРОЛА<br>4.1 Вредности на ефикасниот систем на стратегиска контрола за ефикасно имплементирање на стратегијата<br>4.2 Традиционален наспрема современ систем на контрола<br>4.3 Етапи во процесот на контрола<br>4.4 Преземање корективни мерки<br>4.5 Картичка со балансирани резултати (Balanced Scorecard);<br>• Воспоставување контрола на однесувањето.<br>*Резултати:*<br>*Студентите ќе ја разберат важноста на ефикасниот систем за стратегиска контрола како средство за следење на имплементацијата на стратегиите и постигнување на поставените цели;*<br>*Ќе ги интерпретираат традиционалните и современите системи на контрола, анализирајќи ги нивните предности и недостатоци;*<br>*Ќе ги знаат етапите во процесот на контрола, како што се поставување на стандарди, мерење на перформанси и анализа на отстапувања;*<br>*Ќе научат како да преземат корективни мерки во случај на отстапувања;*<br>*Ќе умеат да користат алатки како што е "Картичката со балансирани резултати".* |

| | | |
|---|---|---|
| | | Поглавје 5: ВОДАЧОТ КАКО ФАКТОР ЗА СТРАТЕГИСКА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА<br>5.1 Водачот како организациски ресурс;<br>5.2 Поддршка за стратегиските иницијативи;<br>5.3 Посветеност на вработените;<br>5.4 Стимулирање на вработените за негување на чувството на посветеност<br>кон организацијата.<br>*Резултати:*<br>*Студентите ќе ја научат улогата на водачот како клучен организациски ресурс за успешно спроведување на стратегиите;*<br>*Ќе знаат како водачите можат да обезбедат поддршка за стратегиските иницијативи преку јасна комуникација и мотивирање на вработените;*<br>*Ќе ја разберат важноста на посветеноста на вработените за постигнување на стратегиските цели и како ефективното водство може да ја поттикне таа посветеност;*<br>*Ќе научат како водачите да создадат култура која го негува чувството на посветеност на вработените кон организацијата и нејзините долгорочни цели.* |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Основи на менаџмент |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Наставата по предметот Основи на стратегиски менаџмент се реализира преку комбинација на интерактивни предавања, практични вежби, студии на случај и индивидуална и групна работа, со цел да се овозможи сеопфатно разбирање на современите концепти и практики во областа на на стратегиската имплементација.<br>Предавањата се организираат во форма на интерактивна настава каде што студентите се активно вклучени преку дискусии, прашања и мултимедијални презентации. Овој метод овозможува стекнување на теоретски знаења, но и нивна примена преку анализа на актуелни предизвици во областа.<br>Практичните вежби имаат за цел да ги зајакнат компетенциите на студентите преку симулации, решавање на конкретни задачи и примена на концептите во реални работни сценарија. Преку индивидуални и тимски активности, студентите развиваат аналитички и истражувачки способности, како и практични вештини за решавање на проблеми.<br>Студиите на случај се користат како алатка за подобро разбирање на менаџерските предизвици во реалниот сектор. Преку анализирање на конкретни примери од деловната пракса, студентите развиваат критичко размислување и учат како да ги применат стекнатите знаења за идентификување и решавање на проблеми во областа на стратегискиот менаџмент.<br>Индивидуалната и групната работа се важен дел од наставниот процес, бидејќи поттикнуваат активно учење, соработка и комуникациски вештини. Студентите имаат можност да работат на самостојни истражувања, како и да презентираат решенија за конкретни предизвици поврзани со стратегискиот менаџмент, конкретно стратегиската имплементација.<br>Со примена на овие наставни и работни методи, студентите се стекнуваат со применливо знаење, критичко размислување и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | практични вештини потребни за современиот стратегиски менаџмент. | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 189 часови | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 24 часа |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 24 часа |
| | | 16.3. | Пракса: часови | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | 24 часа |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | 52 часа |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 65 часа |
| 18 | Услови за потпис | Реализирани активности од точка 16 и 17 | | |
| 19 | Начин на оценување | | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | | 50 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | 20 |
| | 19.3. | Присуство и активност | | 30 |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | 51 x до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | 61 x до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | Евалвации од студентите: Редовно спроведување на евалвации за оценување на наставниот процес, со фокус на содржината на предметот, методите на предавање, комуникацијата со студентите и јасноста на наставниот материјал.<br>Самоевалвација на наставниците: Наставниците вршат самооценка на своето предавање, оценувајќи ги своите методи на наставата, нивната ефективност и областите за подобрување.<br>Набљудување на наставата: Редовно набљудување на часовите од страна на колеги или менаџери за квалитет, со цел да се оценат методите на предавање и интеракцијата со студентите.<br>Постигнување на образовни цели и резултати: Анализа на академските резултати на студентите, како и нивните вештини и способности што ги стекнале, во контекст на учењето.<br>Меѓународни акредитации и стандарди: Применување на меѓународни стандарди за квалитет во образованието и вршење на | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | редовни проверки преку акредитации и оценки од надлежни институции. | | |
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Лидија Стефановска | Основи на стратегиски менаџмент - компендиум | Бизнис академија Смилевски - БАС | 2025 |
| | | 2. | | | | |
| | | 3. | | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Лидија Стефановска | Водич за стратегиско планирање | Бизнис академија Смилевски - БАС | 2018 |
| | | 2. | Charles W. L. Hill<br>Gareth R. Jones<br>Melissa A. Schilling | Strategic management | Cengage Learning | 2015 |
| | | 3. | | | | |